ПРЕДЛАГАЧ: Влада на Република Северна Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: д-р Фатмир Бесими, министер за финансии

и

д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии

ПОВЕРЕНИЦИ: д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии

Аница Иваноска Стрезовски, државен советник во Министерството за финансии

и

Тања Трипунова, државен советник во Министерството за финансии

ДОПОЛНЕТ ПРЕДЛОГ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2021 ГОДИНА

Скопје, јули 2021

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP

Примено: E pranuar:	19. 07. 2021		
Орг. единица Njësia Org.	Број Numër	Прилог Shtojcë	Вредност Vlerë
08	2846/225		

Влада на Република Северна Македонија

Бр. 40-7759/1
Скопје, 19 јули 2021 година

ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

СКОПЈЕ

Врз основа на членот 91, алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и член 180-а, став 4 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Дополнет предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, што го утврди на седницата, одржана на 19 јули 2021 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Аница Иваноска Стрезовски и Тања Трипунова, државни советници во Министерството за финансии.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА

Зоран Заев

ДОПОЛНЕТ ПРЕДЛОГ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2021 ГОДИНА

I ОПШТ ДЕЛ

Член 1

Во Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 307/2020) се вршат следниве измени:

во илјади денари

		Буџет 2021	**Ребаланс 2021**
I.	**Вкупни приходи**	**212.630.000**	**222.542.000**
	- изворни приходи	203.236.000	210.654.000
	- капитални приходи	3.187.000	3.187.000
	- донации	6.207.000	8.701.000
II.	**Вкупни расходи**	**247.567.000**	**268.772.000**
	- утврдени намени	247.367.000	268.572.000
	- резерви	200.000	200.000
III.	**Дефицит**	**34.937.000**	**46.230.000**
	од тоа		
	Приливи	78.290.000	89.583.000
	Одливи	43.353.000	43.353.000

ВОВЕД

Тековни макроекономски движења

Во 2020 година БДП забележа пад од 4,5% на реална основа. Намалената економска активност е главно резултат на неповолните движења во второто тримесечје, кога реалниот БДП се намали за 14,9% на годишна основа, што се должи на ограничувачките мерки за спречување на ширењето на коронавирусот во земјата и влошеното меѓународно окружување, а се одрази врз активноста на голем дел од услужниот сектор, градежништвото и индустријата. Во третото и четвртото тримесечје падот на економската активност значително забави, односно е забележан пад од 3,3% и 0,7% соодветно, во услови на забавено темпо на пад на активноста во индустрискиот и услужниот сектор, односно поповолни движења на извозната и инвестициската активност и континуиран раст на јавната потрошувачка со цел справување со пандемијата.

Падот на економската активност можеше да биде подлабок, според проценитe приближно двојно поголем, во отсуство на државната помош преку четири пакети на економски мерки со цел поддршка на претпријатијата и вработените во најпогодените дејности и на ранливите категории на население. Ваквата респонзивност на фискалната политика резултираше, пред се, со ублажување на падот на доходот, приватната потрошувачка и на вработеноста предизвикана од пандемијата, како и позначителен раст на јавната потрошувачка.

Ефектите на пандемијата врз пазарот на работна сила беа ограничени во 2020 година, односно вработеноста е незначително намалена, а стапката на невработеност продолжи со надолниот тренд и достигна 16,4%. Платите во 2020 година забележаа раст од 7,8% на нето основа, кој произлегува од мерките преземени пред пандемијата, додека мерката за финансиска помош на најпогодените за исплата на плата влијаеше врз ублажување на надолниот тренд на раст на платите во текот на пандемијата.

Во првото тримесечје од 2021 година БДП забележа годишен пад од 1,9% на реална основа, под влијание на неповолните ефектни на пандемијата врз домашната економија. Анализирано според расходната страна, намалената економска активност произлегува главно од падот на бруто-инвестициите од 16,6% на реална основа, поточно падот на залихите, којшто е ублажено со растот на инвестициите во основни средства, што соодветствува со зголемените инвестиции во градежни работи и силниот увоз на инвестициски добра. Пад бележи и јавната потрошувачка, од 2,2% на реална основа, што делумно се должи на високата споредбена основа, но и на реалниот пад на јавните расходи за плати и надоместоци. Приватната потрошувачка има позитивен придонес врз економската активност, со раст од 0,4%, како резултат на порастот на дознаките од странство, но и на државната помош за поддршка на вработените во најпогодените дејности и на ранливите категории на население, што се одрази врз зголемен промет на непрехранбени продукти.

Графикон 1. Расходна структура на економскиот раст (придонес во раст, п.п.)



Извор: Државен завод за статистика и пресметки на Мин. за финансии

Во првото тримесечје извозот на стоки и услуги забележа раст од 8,6% на реална основа, што е главно одраз на подобрението меѓународно економско окружување и резултираше, пред се, со раст на извозот на машини, транспортни уреди и хемиски производи. Увозот на стоки и услуги забележа раст од 2%, придвижен од увозот на интермедијарни и капитални добра, со што нето-извозот има позитивен придонес врз економската активност (Графикон 1). Имено, уште во последните неколку месеци од 2020 година, надворешно-трговската размена покажа знаци на закрепнување, за во првите четири месеци од 2021 година размената значително да се интензивира, односно извозот на стоки забележа номинален раст од 40,7%, а увозот на стоки од 34,4%.

Графикон 2. Годишен раст на индустриското производство (во %)



Извор: Државен завод за статистика

Гледано по сектори, во првото тримесечје од 2021 година индустријата забележа пад од 6,7%, во услови на намалена активност во преработувачката индустрија. Согласно високофреквентните податоци за индустријата, во март е прекинат падот на производството во претходните два месеца, а во април растот достигна 46,1% на годишна основа (Графикон 2), при што покрај забрзувањето на растот на производството на машини, уреди и електрична опрема во однос на првите два месеца, се забележува премин во позитивната зона на производството на моторни возила, прехранбени производи, текстил, облека, мебел итн. Искористеноста на капацитетите во преработувачката индустрија продолжи да расте во текот на првите четири месеци од 2021 година и во април достигна 71,4%, со што го достигна нивото пред здравствено-економската криза.

Графикон 3. Структура на економскиот раст според производниот метод (придонес во раст, п.п.)

Извор: Државен завод за статистика и пресметки на Мин. за финансии

Во првото тримесечје, активноста во услужниот сектор е намалена за 1%, што е најмногу резултат на неповолните движења во дејностите јавна управа, уметност и рекреативни активности. Во дејноста Трговија, транспорт и угостителство падот е минимален, со тоа

што високофреквентните податоци за внатрешна трговија во периодот јануари-април 2021 година покажуваат номинален раст на прометот од 7,4%, што се должи на поволните движења и во трговијата на големо и во трговијата на мало. Градежниот сектор во првото тримесечје забележа раст од 1,7% на реална основа, кој согласно месечните податоци се должи на поволните движења во сегментот на високоградба. Земјоделскиот сектор забележа реален раст од 0,3%.

Графикон 4. Број на вработени и стапка на невработеност



Падот на невработеноста продолжи во првото тримесечје од 2021 година според Анкетата на работна сила, односно стапката на невработеност се намали на 16%, што претставува пад од 0,2 процентни поени во однос на истото тримесечје претходната година. Во првите три месеци од 2021 година просечната нето-плата забележа номинален раст од 4%, пред се, како резултат на зголемувањето на платите во информациско-комуникациската дејност, здравството, уметноста и дел од дејностите во индустрискиот сектор.

Графикон 5. Раст на просечната нето-плата (во %)



Тековната сметка на платниот биланс забележа дефицит од 61 милион евра во првото тримесечје од 2021 година, кој во однос на истиот период од претходната година бележи значително стеснување, што се должи на зголемените трансфери од странство и подобрениот дефицит на размената со стоки и услуги. Приливот на странски директни инвестиции (СДИ) изнесува 26 милиони евра, кој во најголем дел е по основ на реинвестирање на добивката, а во помал дел и во форма на сопственички капитал, додека должничките инструменти имаа негативен придонес врз текот на СДИ. Девизните резерви достигнаа приближно 4 милијарди евра во март 2021 година и обезбедуваат покриеност на увозот на стоки и услуги од 6 месеци од претходниот 12-месечен период.

Во периодот јануари-април 2021 година стапката на инфлација изнесува 2,2%, придвижена од порастот на цените на храната, електричната енергија и тутунот, а промената на цените на нафтените деривати премина во позитивната зона во април. Базичната инфлација во овој период изнесува 1,6%.

Графикон 6. Вкупна и базична инфлација (во %)



Извор: Државен завод за статистика и пресметки на Мин. за финансии

Во март 2021 година, со дополнително намалување на основната каматна стапка за 0,25 процентни поени, Народната банка продолжи со натамошно монетарно олабавување, така што истата изнесува 1,25% и е на најниско ниво досега. Во април 2021 година вкупните кредити се зголемија за 5,7% на годишна основа, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 8,9% и на кредитите кон претпријатијата од 2,3%. Вкупниот депозитен потенцијал во април 2021 година оствари раст од 6,9% на годишна основа, при што ваквото забрзување на депозитниот раст произлегува од подинамичниот раст на депозитите во домашна валута.

Макроекономски проекции за 2021 година

Глобалната економија во 2021 година се очекува да продолжи да биде под влијание на ефектите од пандемијата на коронавирус. Сепак, по економската контракција во 2020 година каква што историски не се памети поради нејзината природа и брзина на распространување, во 2021 година се очекува опоравување на глобалната економија, кое во голема мера ќе зависи од дополнителната фискална поддршка во големите економии, како и од брзината на вакцинацијата во текот на годината. Во 2021 година, глобалната економска активност се очекува да забележи раст од 6%, согласно со последните проекции на Меѓународниот монетарен фонд, а економскиот раст на ЕУ е проектиран на 4,4%, по падот од 6,1% во изминатата година. Во Германија, како најголема економија во рамки на ЕУ и наш најзначаен трговски партнер, растот на економската активност е проектиран на 3,6%.

Оттука, се очекува постепено стабилизирање на глобалните синџири за снабдување и раст на странската побарувачка, кој споредено со есенските проекции е предвидено да биде нешто понизок. Ваквите очекувања, придружени со намалените притисоци од пандемијата во глобални рамки, во услови на интензивирање на процесот на вакцинација, се очекува да влијаат поволно врз домашните економски текови, како врз извозната активност, така и врз инвестициите и потрошувачката.

Поволното меѓународно окружување и процесот на масовна имунизација во земјата се очекува да влијаат позитивно врз очекувањата и довербата на домашните економски субјекти и склоноста за инвестирање и потрошувачка. Фискалната политика и редизајнирањето на јавните расходи, со акцент на засилување на циклусот на јавни инвестиции и мерки насочени кон постигнување на забрзан, инклузивен и оддржлив

економски раст, ќе има значително влијание врз инвестициската побарувачка, но и врз потенцијалот за раст.
Државната помош преку различни економски мерки продолжи во 2021 година, како преку мерките кои беа преземени претходната година и продолжија да се реализираат во текот на оваа година, така и преку нови мерки, вклучително и најавените кредитни линии за поддршка на претпријатијата, со цел ублажување на ефектите на пандемијата врз најзагрозените и поддршка на домашната економија за нејзино побрзо заздравување.
Со цел интензивирање на економскиот раст и на растот на вработеноста на подолг рок и подобрување на конкурентноста на економијата, а притоа остануање на патот на фискална консолидација е изработен Планот за финансирање на заздравувањето и забрзувањето на економскиот раст, кој овозможува нови начини за пристап до капитал, преку проекти во јавниот и приватниот сектор, користење нови механизми, инструменти, фондови и извори на финансирање, кои ќе создадат мултипликативни ефекти врз економската активност.
По падот во 2020 година, економијата се очекува да заздрави во 2021 година, при што растот е проектиран на 4,1%, колку што изнесуваше и со првичниот Буџет, но со одредено приспособување во однос на структурата на растот, односно поголем позитивен придонес на домашната побарувачка, при нагорна ревизија на проекциите за раст на потрошувачката и инвестициите, но и поголем негативен придонес на нето-извозот врз економскиот раст.

Графикон 7. Расходна структура на растот на БДП (придонес во раст, п.п.)



Извор: ДЗС и пресметки на Мин. за финансии (* проекција)

Декомпозицијата на економскиот раст покажува дека инвестициите ќе имаат значајна улога во заздравувањето на економијата и нејзиното постепено интензивирање. Реалниот раст на бруто-инвестициите е проектиран на 8% во 2021 година, во услови на очекуван раст и на јавните и на приватните инвестиции. Потрошувачката, исто така, е предвидено да го поддржи растот на домашната побарувачка. Приватната потрошувачка се очекува да забележи реален раст од 4%, во услови на постепено враќање на довербата и оптимизмот со почетокот на масовна вакцинација, опоравување на дознаките од странство, поддржана и од преземените фискални мерки за справување со пандемијата. Позитивни ефекти врз приватната потрошувачка се очекуваат и од кредитната поддршка на банките. Растот на јавната потрошувачка е проектиран на 4,3% на реална основа, којшто делумно се должи на расходите за справување со здравствената криза.
Извозот на стоки и услуги, со исцрпување на неповолните економски ефекти од пандемијата, заздравување на глобалните синџири на производство и на надворешната побарувачка, и оттука повисока искористеност на производствените капацитети во земјата, се предвидува да забележи реален раст од 10,6%. Растот на извозната активност и заздравувањето на домашната побарувачка во 2021 година условуваат зголемен увоз на стоки и услуги, кој се очекува да се зголеми за 11% на реална основа.

Со намалување на притисоците од здравствената криза, постепеното враќање на довербата на инвеститорите и подобрување на очекувањата на деловните субјекти се предвидува раст на побарувачката за работна сила, поттикната и преку активните мерки и програми за вработување и поддршката за отворање нови работни места. Во 2021 година, бројот на вработени е предвидено да се зголеми за 1%, што ќе придонесе просечната стапка на вработеност да се зголеми на 47,5%, додека стапката на невработеност да се намали на 15,8%.

Графикон 8. Раст на бројот на вработени и стапка на невработеност



Извор: ДЗС и пресметки на Мин. за финансии (* проекција)

Стапката на инфлација во 2021 година е предвидено да изнесува 2,1%, што претставува одредено интензивирање на инфлацијата споредено со 2020 година, и е ревидирана нагорно во однос на првичната проекција (1,5%), при нагорна корекција на проектираниот раст на цените на примарните производи на светските берзи, како што се нафтата, пченицата и пченката, и нагорно придвижување на странската ефективна инфлација.
Дефицитот на тековната сметка на платниот биланс се очекува да се стесни на 3% од БДП во 2021 година, што главно се должи на проектираното зголемување на приватните трансфери од странство, во услови на постепено намалување на негативните ефекти од пандемијата.
Основното макроекономско сценарио е придружено со ризици, кои главно се поврзани со долготрајноста и последиците на здравствената криза. Ризиците во однос на проектираната динамика на инфлацијата главно се поврзуваат со високата неизвесност во поглед на ценовните движења на примарните производи на светските берзи.

Остварување на Буџетот на Република Северна Македонија

Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година се изработуваше во втората половина на 2020 година, во услови на значително влијание на здравствено-економската криза предизвикана од корона вирусот. Како одговор во справување на последиците од економската криза Владата ги презеде сите неопходни сеопфатни мерки за заштита на работните места, за сервисирање на најприоритетните обврски, како и сведување на минимум на сите помалку продуктивни трошења од Буџетот.

Во претпоставките за фискалните проекции за 2021 година беше земена во предвид сеуште присутната непредвидливост околу времетраењето и интензитетот на здравствената пандемија, нејзините импликации врз буџетот и економијата во целина и нејзиниот импакт врз економското заздравување и обезбедување на забрзан раст.

Вкупните приходи на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година се планирани на ниво од 212,6 милијарди денари и истите се за 8,3% повисоки во однос на вториот Ребаланс 2020 година, додека расходите се планирани на ниво од 247,5 милијарди денари или за 2,1% пониско во однос на вториот Ребаланс 2020 година.

Вака планираните приходи и расходи резултираат со буџетски дефицит на ниво од 4,9% од планираниот БДП или во апсолутен износ од 34,9 милиони денари и обезбедуваат редовно и непречено подмирување на обврските на буџетските корисници.

Вкупните приходи во периодот јануари-јуни 2021 година се реализирани во износ од 101,1 милијарди денари што претставува 47,5% во однос на планираните за 2021 година и претставува раст од 15,6% или во апсолутен износ од 13,7 милијарди денари во однос на истиот период од лани. Даночните приходи и социјални придонеси изнесуваат 91,5 милијарди денари, односно учествуваат со 90,6% во вкупните приходи. Даночните приходи во овој период се остварија на ниво од 57,8 милијарди денари и истите се за 21% повисоки од анализираниот период во минатата година или за 9,9 милијарди денари остварена е повисока наплата. Во структурата на наплатените даночни приходи доминанираат приходите по основ на данокот на додадена вредност со учество од 46%, односно реализирана е повисока наплата од 6,5 милијарди денари или за 32,3%.

Приходите од социјални придонеси како изворни приходи на фондовите за пензиско, здравствено осигурување и вработување во анализираниот период се остварија во износ од 33,7 милијарди денари, што претставува 49,4% во однос на годишно планираниот износ, односно за 6,2% повисоко од реализацијата во минатата година. По основ на пензиско осигурување реализирани се 22,8 милијарди денари, додека по основ на здравствено осигурување наплатени се 9,5 милијарди денари.

Во периодот јануари-јуни 2021 година неданочните приходи изнесуваат 6,6 милијарди денари, при што доминантни се неданочните приходи на буџетските корисници на сопствените сметки кои се остварија на ниво од 3,2 милијарди денари. Капиталните приходи изнесуваат 430 милиони денари, при што во структурата учествуваат приходите по основ на дивиденда, продажба на земјиште и станови. Буџетските корисници реализираа 2,5 милијарди денари по основ на донации од меѓународна мултилатерална и билатерална соработка и истите во однос на планираните изнесуваат 39,8%.

Вкупните расходи на Буџетот на Република Северна Македонија во овој период од 2021 година се реализираа во износ од 116,8 милијарди денари, што претставува 47,2% во однос на годишно планираниот износ или раст од 3% во однос на истиот период од минатата година. Имено, расходната страна во овој период од годината бележи раст на годишно ниво, во најголем дел како резултат на повисоката реализација на капиталните расходи и повисоките социјални трансфери. Притоа, тековните расходи изнесуваа 110,2 милијарди денари (49,3% во однос на годишниот план, односно раст од 1,2% во однос на истиот период од минатата година). Во овој период исплатени се 15,2 милијарди денари за плати и надоместоци за вработените во институциите кои се буџетски корисници, додека расходите за стоки и услуги се реализираа во износ од 8,4 милијарди денари.

Најголемо учество во структурата на тековните расходи имаат трансферите, за кои во овој период се исплатија 82,4 милијарди денари што претставува 51,1% во однос на годишно планираниот износ. Во текот на анализираниот период редовно се сервисираа обврските на државата по основ на исполнување на правата за загарантирана социјална заштита на населението за чија намена се реализираа 6 милијарди денари. Најголем дел од овие средства се парични надоместоци за социјална и постојана помош, надоместоци по основ на детски и родителски додаток, како и други надоместоци за ранливите категории на граѓани. За исплата на пензиите се наменија 30,7 милијарди денари, додека преку Агенцијата за вработување се реализираа средства во износ од 861 милиони денари за исплата на паричен надоместок во случај на невработеност и активни мерки. За финансирање на здравствените услуги и надоместоци се исплатија 16,9 милијарди денари. Од Буџетот на Република Северна Македонија кон општините се трансферираа 9,5 милијарди денари како блок дотации за финансирање на пренесените надлежности, за финансирање на материјалните трошоци во локалните јавни установи. Исто така, се трансферираа и 1,2 милиони денари од приходот остварен од данок на додадена вредност.

За сервисирање на обврските по основ на камати беа одвоени средства во износ од 4,2 милијарди денари, согласно амортизационите планови за домашно и надворешно задолжување. Од овој износ 2,9 милијарда денари беа наменети за исплата на камати по надворешно задолжување и 1,3 милијарда денари по основ на домашно задолжување.

Капиталните расходи во периодот јануари-јуни 2021 година се реализираа во износ од 6,6 милијарди денари или 27,3% во однос на годишно планираниот буџет и се повисоки за 48,2% во однос на истиот период од минатата година.

Во периодот јануари-јуни 2021 година остварен е дефицит на Буџетот на Република Северна Македонија во висина од 15,7 милијарди денари или 2,2% од планираниот БДП.

Измени и дополнувања на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година

Приоритетите до крајот на 2021 година ќе бидат насочени кон справување со последиците од пандемијата, преку зголемување на обемот на инвестициите со директна поддршка на активностите на компаниите, отварање на нови работни места преку активните мерки за вработување, како и поддршка и развој на микро, мали и средни претпријатија. Ова подразбира дека поддршката ќе се реализира преку креирање развојни фондови и слични инструменти за поддршка на извозни компании, мали и средни претпријатија, како и социјални претпријатија.

И понатаму останува определбата за поддршка на економијата со инвестиции на инфраструктурни проекти, редизајнирање на структурата на јавните финансии преку зголемено учество на капиталните расходи, како и зајакнување на процесот на планирање, извршување и известување за јавните финансии.

За да се реализираат целите во справувањето со COVID пандемијата, со овие измени и дополнувања на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година на расходната страна на буџетот се ограничуваат одредени планирани трошења кај буџетските корисници кои суштински и директно не се поврзани со справувањето со здравствената пандемија, како и се сведуваат на минимум сите непродуктивни трошења од Буџетот.

Имајќи ги предвид остварувањата на приходите за периодот јануари-јуни 2021 година, како и потребата за обезбедување на средства за спроведување на активностите предвидени со петтиот и шестиот сет на мерки, извршени се промени во однос на иницијалните проекции на приходната и расходната страна на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година.

Вкупните приходи со измените и дополнувањата на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година се планирани на ниво од 222,5 милијарди денари и истите се за околу 10 милијарди денари или за 4,7% повисоки во однос на иницијалните проекции на Буџетот. Проекциите за приходите се базираат на реализацијата на приходите во тековната година, очекувањата за економските остварувања во 2021 година, одредени измени во даночната сфера, поголем даночен опфат, фер и олеснети административни процеси.

Во структурата на вкупните приходи, даночните приходи учествуваат со 55,7% и се планирани на ниво од 123,9 милијарди денари односно за околу 6 милијарди повеќе во однос на иницијалниот буџет. Главни приоритети во областа на даночниот систем се праведност во оданочувањето, поголема ефикасност и ефективност во наплатата на приходите, зголемена даночна транспарентност, подобар квалитет на услугите кои ги даваат институциите на даночниот систем, на начин кој ги поедноставува и забрзува постапките и го намалува административниот товар преку повеќе дигитални услуги, како и воведување еколошко (зелено) оданочување, со цел стимулирање на даночните обврзници преку јавните давачки да придонесат за помало загадување.

Социјалните приходи како изворни приходи на фондовите се планирани во износ од 69,2 милијарди денари или за околу 1 милијарда денари повисоко во однос на планот

за 2021 година. Останатите приходи (неданочни, капитални и странски донации) се планирани на ниво од 29,5 милијарди денари.

Вкупните расходи се планирани на ниво од 268,8 милијарди денари или за 8,6%, односно за околу 21,2 милијарди денари повисоки во однос на планот. Врз основа на вака планираните приходи и расходи, дефицитот е позициониран во износ од 46,2 милијарди денари, односно 6,5% од БДП.

Расходите за исплата на платите се проектирани на ниво од 31,6 милијарди денари во кој е вклучен ефектот од строга контрола на нови вработувања со цел оптимизација на јавната администрација и исплата на регрес на годишен одмор согласно Гранскиот колективен договор за органи на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено -поправните и воспитно-поправните установи, Државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија.

Расходите за стоки и услуги се планирани во износ од околу 22 милијарди денари односно истите се повисоки за 0,6 милијарди денари споредбено со Буџетот за 2021 година, во кој е вклучен ефектот на намалување на помалку продуктивните трошења од Буџетот, кои суштински и директно не се поврзани со справувањето од корона вирусот, без притоа да се наруши редовното подмирување на обврските на буџетските корисници. Во овие рамки на оваа категорија обезбедени се дополнителни средства во здравствениот сектор за активности кои директно придонесуваат во борбата против здравствената криза, а се однесуваат за набавка на лекови и вакцини за имунизација на населението.

Тековните трансфери се планирани на ниво од 176 милијарди денари или за околу 14,7 милијарди денари повисоки во однос на планот за 2021 година, а се однесуваат пред се на потребните средства за имплементирање на економските мерки за справување со кризата предизвикана од пандемијата на Коронавирусот COVID -19.

Во насока на продолжување на мерките од претходните четири пакети мерки со цел обнова/рестартирање на економијата и враќање на стапките на економски раст од пред настапување на кризата, петтиот и шестиот пакет мерки се дизајнирани со директна поддршка на стопанството и компаниите, од кои поважни се следните:

- Финансиска поддршка на плати за вработените, скалесто од 14.500 до 21.776 денари во месеците февруари и март 2021 година;
- Поддршка за извозни компании преку ревидирање на царинскиот тарифник и усогласување со правилата на ЕУ пазарот и пазарите на членките на СТО;
- Олеснителни услови за 245 компании кои имаат активни договори и нови кои ќе инвестираат согласно Законот за финансиска поддршка на инвестициите;
- Кофинансирана помош за микро, мали и средни претпријатија за технолошки развој;
- Финансиска поддршка на угостителските објекти, категоризираните ресторани за свадби, евент индустријата, игротеките, ноќните клубови, приватните детски одморалишта, фитнес центрите, фотографите и фотографските студија, категоризираните туристички агенции, музичарите, членовите на здруженијата на музичари како и лиценцираните туристички водичи преку повеќе модалитети;
- За компаниите кои ја реинвестирале добивката од 2020 година, со мерка преку Развојната Банка ќе се субвенционираат каматните стапки,
- Медиумите кои емитуваат радио и телевизиска програма ќе се поддржат со бескаматна кредитна линија преку Развојната банка.
- За странските туристи кои престојувале во државата ќе се овозможат бесплатни ПЦР тестови како дополнителна поддршка и помош за домашната туристичка и угостителска дејност.

Во расходите за субвенции и трансфери е планирана поддршка на земјоделскиот сектор со обезбедување на дополнителни 3 милијарди денари, како и обезбедување на средства за студентски оброк и дополнителни средства за радиодифузна дејност.

Капиталните расходи се планирани на ниво од околу 30 милијарди денари или за 5,7 милијарди денари повисоки во однос на планот за 2021 година, односно со овие измени и дополнувања на Буџетот за 2021 година извршено е редизајнирање на расходите со поголемо учество на капиталните расходи во вкупните расходи. Порастот од 24% на капиталните расходи е резултат на обезбедување на потребните средства за реализација на дел од мерките на Владата, а кои се однесуваат на :

- Кредити со 0% камата преку Развојната банка за најпогодените сектори од областа на туризмот, занаетчиството, угостителството, транспортот, индустријата за организација на настани, приватните здравствени установи и др;
- Кредитна гарантна шема преку Развојната банка во периодот април-октомври 2021 година;
- Формирање на Фонд за поддршка на извозни компании преку Развојната банка.

Воедно, кај буџетските корисници планирано е обезбедување на дополнителни средства за капитални инвестиции за реконструкција на јавните здравствени установи, капитални инвестиции во областа на детската и социјалната заштита, во областа на патната инфраструктура, како и зголемен износ на средства за рурален развој.

Табела 1. Буџет на Република Северна Македонија

	Буџет 2021	Ребаланс 2021	разлика Ребаланс 2021-Буџет 2021	Р 2021/Б 2021 (%)
ВКУПНИ ПРИХОДИ	**212,630**	**222,542**	**9,912**	**4.7**
Даночни приходи и придонеси	**186,282**	**193,068**	**6,786**	**3.6**
Даночни приходи	117,982	123,873	5,891	**5.0**
Придонеси	68,300	69,195	895	**1.3**
Неданочни приходи	**16,954**	**17,586**	**632**	**3.7**
Капитални приходи	**3,187**	**3,187**	**0**	**0.0**
Донации	**6,207**	**8,701**	**2,494**	**40.2**
ВКУПНИ РАСХОДИ	**247,567**	**268,772**	**21,205**	**8.6**
Тековни расходи	**223,512**	**238,968**	**15,456**	**6.9**
Плати и надоместоци	31,394	31,594	201	**0.6**
Стоки и услуги	21,322	21,965	643	**3.0**
Трансфери до ЕЛС	21,315	21,329	14	**0.1**
Субвенции и трансфери	19,351	32,075	12,724	**65.8**
Социјални трансфери	120,653	122,627	1,974	**1.6**
Каматни плаќања	9,478	9,378	-100	**-1.1**
Капитални расходи	**24,055**	**29,804**	**5,749**	**23.9**
БУЏЕТСКО САЛДО	**-34,937**	**-46,230**	**-11,293**	**32.3**
ФИНАНСИРАЊЕ	**34,937**	**46,230**	**11,293**	**32.3**
Прилив	**78,290**	**89,583**	**11,293**	**14.4**
Домашни извори	23,437	25,449	2,012	**8.6**
Странски извори	53,542	63,731	10,189	**19.0**
Депозити (“-” е кумулирање на сметка)	1,311	403		
Одлив	**43,353**	**43,353**	**0**	**0.0**
Отплати на домашно задолжување	6,119	6,119	0	**0.0**
од кои континуирани ДХВ	4,679	4,679	0	**0.0**
Отплати на странско задолжување	37,234	37,234	0	**0.0**
МЕМОРАНДУМ				
Нето домашно задолжување	17,008	17,010		
Нето домашно задолжување (континуирани ДХВ)	18,448	18,450		
Нето странско задолжување	15,808	25,997		
Примарно буџетско салдо	-25,459	-36,852		
Примарно буџетско салдо, % од БДП	**-3.6**	**-5.2**		
Буџетско салдо, % од БДП	**-4.9**	**-6.5**		

Извор: Министерство за финансии

Графикон



Извор: Министерство за финансии

Проектираниот дефицит за 2021 година, отплатата по основ на главница на надворешен долг во износ од 37,2 милијарди денари и отплатата на домашен долг во износ од 6,1 милијарди денари ќе се финансираат преку задолжување во странство и на домашниот пазар на државни хартии од вредност. Отплатата на главница по основ на надворешен долг го вклучува редовното сервисирање на обврските по надворешниот долг, вклучително и отплата на еврообврзница издадена во 2014 година во износ од 500 милиони евра, додека отплатата на домашен долг ги опфаќа отплатите на државни обврзници во износ од 4,68 милијарди денари и отплата на структурни обврзници во износ од 1,44 милијарди денари.

Во рамки на домашното задолжување кое е предвидено на ниво од 23,13 милијарди денари, се реализира со задолжување на домашниот пазар на државни хартии од вредност со истовремена отплата на државни обврзници во износ од 4,68 милијарди денари, при што ќе се реализира максимален износ на нето задолжување преку државни хартии од вредност во износ од 18,45 милијарди денари кои ќе бидат искористени за финансирање на потребите во тековната 2021 година како и за делумно финансирање на 2022 година. Задолжувањето во странство се реализира преку повлекување на средства од поволни кредити од странски финансиски институции наменети за финансирање на одделни проекти вкучително и заем од ММФ, втора транша од заемот од ЕУ за макро-финансиска поддршка во износ од 80 милиони евра, како и преку Еврообврзница во износ од 700 милиони евра.

Државниот долг на Република Северна Македонија на 31.03.2021 година изнесува 6.207,8 милиони евра, односно 54,1% од БДП, додека јавниот долг на 31.03.2021 година изнесува 7.173,6 милиони евра, односно 62,5% од БДП.

ВЛАДИНИ ПРОГРАМИ

Владините програми и потпрограми ги рефлектираат активностите на Владата на Република Северна Македонија кои се преземаат за реализација на стратешките приоритети. Овие приоритети се дефинирани и содржани во повеќе документи на Владата на Република Северна Македонија.

Средствата за финансирање на владините програми се обезбедуваат од буџетски средства, од донации и од заеми од меѓународни финансиски институции. Утврдените владини програми се усогласуваат со редовните активности на одделните министерства со давање на приоритет за нивното финансирање.

Планираните средства обезбедуваат имплементација на овие програми, континуитет во реализацијата, како и следење на успешноста во исполнувањето на стратешките приоритети.

А. ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА

Децентрализација на надлежностите до локалните власти и подобрувањето на нивниот капацитет е еден од приоритетите кои произлегуваат од Пристапното партнерство на Република Северна Македонија со ЕУи Рамковниот договор.Сите општини (освен Пласница) од 2012 година ги финансираат пренесените надлежности со блок дотации со што завршифазниот пристап за пренесување и управување со материјалните и финансиски ресурси за пренесените надлежности во образованието, културата, детската и социјална заштита.

Преземените надлежности во повеќе области од страна на општините го зголемија административниот и фискален капацитет и ги зајакнаа капацитетите за управувањето со поголем обем на финансиски средства. Со успешно администрирање и наплата на сопствените приходи продолжува процесот на пораст на сопствените приходи на општините и капацитетот за менаџирање на средствата, извршувањето на пренесените надлежности и управувањето со финансиските средства и другите ресурси потребни за нивно извршување. Дополнително, општините успешно администрираат нови надлежности на управувањето со градежното земјиште, постапување со бесправно изградени објекти со соодветно обезбедување на приходи.

Успешното спроведување на фискалната децентрализација со целосно воспоставена законска и институционална рамка на локалната самоуправа, обезбедува развиени, одговорни и функционални единици на локалната самоуправа и ниво на локална демократија што ги приближува граѓаните до институциите на локалната самоуправа.

Напредокот во достигнувањето на целите на децентрализацијата е оценет како успешен од повеќе меѓународни институции со чија помош во рамките на повеќе проекти се извршени подобрувања во системот на управување, контрола, транспарентност и координација на управувањето со реформите на локалната самоуправа.

Програмата А-Децентрализација се реализира преку потпрограмите А0-Децентрализација и А2-Пренесување на надлежности на ЕЛС.

Финансирањето на пренесените надлежности на општините се врши преку ресорните министерства во дејностите на образованието, културата, детската заштита и згрижувањето на стари лица со блок дотации, а согласно критериумите утврдени со уредби донесени од страна на Владата на Република Северна Македонија.

(Прилог 1: Преглед на наменски и блок дотации за пренесените надлежности по општини).

Б. МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА

Оваа програма ги опфаќа активностите кои се однесуваат на зголемување на вработеноста и подобрување на животниот стандард на работниците. Во рамки на оваа програма се обезбедени средства за реализација на активни мерки за вработување, со опфат на различни целни групи кои потешко можат да се вклучат на пазарот на трудот, вработување на деца без родители и родителска грижа, како и за проектот за субвенционирање на придонеси за поддршка на плати.

В. УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОДБРАНАТА И БЕЗБЕДНОСТА

Целта на оваа програма е унапредување на одбранбените и безбедносните активности на Република Северна Македонија како полноправен член на НАТО Алијансата. Во рамки на оваа програма се обезбедени средства за опремување и модернизација на Армијата на Република Северна Македонија која се стреми да биде вооружена сила, интероперативна и компатибилна со останатите земји членки на НАТО и ќе има оперативни способности за одбрана на земјата и учество во колективните безбедносни системи на НАТО и Европската Унија.

Г. ЈАКНЕЊЕ НА ВЛАДЕЕЊЕТО НА ПРАВОТО

Целта на оваа програма е да се продолжи со реформата во судството преку имплементација на стратегијата во правосудниот сектор, реализација на владините мерки во насока на владеење на правото и продолжување на борбата против корупцијата и организираниот криминал, како и продлабочување на соработката со меѓународниот кривичен суд.

Д. ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Со цел интензивирање на економскиот развој и креирање на нови работни места како едни од главните стратешки приоритети, Владата на Република Северна Македонија создава услови за подобрување на деловната клима и развивање на приватниот сектор. Активностите од оваа програма се реализираат со инвестиции во железничката инфраструктура, инвестиции

во Технолошки индустриските развојни зони, поддршка на развојот на малите и средни претпријатија, поддршка на инвестиционите вложувања, како и преку унапредување на деловните активности.

К. РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

Во рамките на оваа програма се реализираат активности поврзани со потребата за зајакнување на капацитетот на јавната администрација и формирање на ефикасна државна администрација оспособена за успешна имплементација на интеграциониот процес во ЕУ. За таа цел се спроведуваат обуки и усовршување на јавната администрација за ефикасно управување со буџетските средства, ефикасно управување со ЕУ фондовите, усовршување на вработените со ЕУ регулативите, како и имплементација на ефикасни контролни механизми во менаџирањето со овие средства.

М.ИНТЕГРАЦИЈА ВО ЕУ

Во рамките на оваа програма се прикажани активностите поврзани со користењето на средствата од ИПА фондови во функција на реализација на стратешкиот приоритет на Владата на Република Северна Македонија за започнување на преговорите за членство на Република Северна Македонија со Европската Унија.

Финансирањето преку ИПА фондовите се програмира и имплементира преку следните компоненти:

-*Помош при транзиција и институционална надградба.* Оваа компонента се однесува на проектите во следниве области:

1. Добро владеење и владеење на правото: кои имаат за цел исполнување на политичките критериуми, градење на институциите и јакнење на капацитетите за децентрализирано управување со фондовите од ЕУ.

2. Економски развој и социјална кохезија: проектите во оваа област се наменети за подобрување на инвестиционата клима, подобрување на административните капацитети на централно и локално ниво во областа на фискалната политика и институционална надградба во областа на регионалната политика како придонес за подобра имплементација на националните и регионалните развојни планови.

3. Acquis: проекти поврзани со законодавството на ЕУ во областа на јавните финансии, статистика, царинско работење, институционално зајакнување на капацитетите на регулаторните тела, дирекции, инспекторати и управување со земјиштето.

4. Техничка помош: проекти наменети за поддршка при подготовка на проекти (изработка на тендерско досие и друга проектна документација).

- *Прекугранична соработка;* Втората компонента од ИПА има за цел да ја зајакне соработката помеѓу пограничните региони на Република Северна Македонија со сите соседни земји, со цел обезбедување и развој на добрососедските односи, зајакнување на стабилноста, безбедноста и

просперитетот во заедничките односи на сите земји и поттикнување на нивниот рамномерен развој.

- *Регионален развој;* Третата компонента има за цел да ја подготви земјата за користење на средствата од Структурните и Кохезионите фондови на ЕУ. Со Оперативната програма за Регионален развој се финансираат договори во областа на патната и железничката инфраструктура, како и мерки за заштита и унапредување на животната средина.

- *Рурален развој*; ИПАРД Програмата ги поддржува проектите кои ќе овозможат достигнување на стандардите на ЕУ воспоставени во областа на земјоделското производство, преработката на храна и руралниот развој. Помошта преку оваа компонента е насочена кон поддршка на проекти поврзани со инвестиции во земјоделски и преработувачки капацитети и маркетинг на земјоделски производи и риба, како и подобрување и развој на руралната инфраструктура и обука на земјоделците.

Инструмент за претпристапна помош - ИПА 2. Република Северна Македонија ќе продолжи да користи финансиска помош од Европската комисија преку Инструментот за претпристапна помош - ИПА 2 во рамките на новата финансиска перспектива за периодот 2014-2020. Во рамките на оваа перспектива се опфатени проекти кои се реализираат преку повеќе министерства во следниве области: реформи во подготовката за членство во ЕУ и градење на капацитетите на поврзаните институции, општествено-економски и регионален развој, вработување, општествени политики, образование, промоција на родова еднаквост и развој на човекови ресурси, земјоделство и рурален развој и регионална и територијална соработка.

Во буџетот за 2021 година планирани се средства за спроведување на два големи инфраструктурни проекти кои започнаа да се спроведуваат во текот на 2018 година:

- Изградба на патната делница Градско- Дреново како дел од патниот правец на Коридор Xd,
- Рехабилитација и надградба на колекторскиот систем во Скопје.

Истовремено, во текот на 2021 година се планира започнување на повеќе нови инфраструктурни проекти во секторот животна средина и секторот транспорт, меѓу кои:

- Рехабилитација на надградба на канализациската мрежа и изградба на пречистителна станица во Кичево,
- Рехабилитација на надградба на канализациската мрежа и изградба на пречистителна станица во Битола,
- Воспоставување на регионален систем за управување со отпад и затворање на депонии во Источниот и Североисточниот регион
- Подобрување на спроведувањето на Директивата за поплави (Подготовка на планови за управување со поплави од ризици со мерки за имплементација)
- Поддршка во спроведувањето на директивите за квалитет на воздухот и хоризонталното законодавство

- Рехабилитација на државниот пат А2, делница Куманово - Страцин (фаза 1)
- Реконструкција и надградба на постојниот пат од Прилеп - мост на реката Ленишка и Изградба на трета лента од патниот правец од село Беловодица - каменолом Маврово
- Набавка и инсталација на опрема за сигнализација на премините на железничките линии
- План за одржлив градски сообраќај на град Скопје.

Исто така, во буџетот за 2021 година планирани се средства за завршување на проектите кои беа склучени на крајот од 2018 година со кои се гради судница во затворот Идризово- Скопје, се реконструира затворот во Битола и се врши адаптација и реновирање на 11 јавни обвинителства низ државата.

Кон ова, предвидени се средства за поддршка на невладиниот сектор во однос на зајакнување на влијанието на граѓанското општество во ефективни реформи во правосудството.

Во Буџетот за 2021 година се планирани средства за финансирање на проектите во рамки на Годишната акциска програма за 2017 година за поддршка на ЕУ во областите на образование, вработување и социјална политика, преку финансирање на активности со кои ќе се обезбеди правичен пристап до квалитетно образование на сите нивоа и подобрување на вработувањето и олеснување на пристапот до пазарот на трудот при наоѓање на пристојна работа. Во таа насока во Буџетот за 2021 година се обезбедени средства за поддршка на следните проекти:

- Директен грант на Агенцијата за вработување за спроведување на активните мерки на пазарот на трудот и пружање на конкретни услуги за вработување, како и подорбување на услугите на АВРСМ за млади лица и лица кои имаат потешкотии при вработување
- Градежни работи за изградба и реконструкција на јавни предучилишни установи во рурални и урбани средини
- Обезбедување на техничка помош за поддршка за предучилишно образование и грижа.

Исто така, планирано е средствата проектирани во рамките на програмата М да се користат и за премостување на крајните исплати на ниво на програма, премостување и порамнување на плаќањата во текот на годината во случај на недостаток на ИПА и буџетски средства, камати за задоцнети плаќања, поврат на средства по разни основи и други неоправдани трошоци согласно регулативите за имплементација на проектите од ИПА.

Н. ИНФОРМАЦИСКИ И КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ

Во рамките на оваа програма е предвидено спроведување на низа проекти во функција на јакнењето на капацитетите на јавната администрација и развојот на ИКТ во Република Северна Македонија. Со спроведувањето на развојните проекти би се обезбедило забрзување на

циркулацијата на информациите меѓу органите на управата, креирање и водење на централна база на податоци за водење на секторите за информатика на државната управа, со што ќе се обезбеди цврста ИТ основа за сите хоризонтални програми со директна или индиректна поддршка на реализација на приоритетите на Владата на Република Северна Македонија.

О. РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Целта на оваа програма е промовирање на рамномерен регионален развој на државата, промовирање на полицентричниот модел на развој, намалување на диспаритетите помеѓу и во рамките на планските региони, зголемување на конкурентноста на планските региони, промовирање економски раст, препознавање и искористување на иновативниот потенцијал во планските региони, зачувување и развивање на посебниот идентитет на планските региони, развој на подрачјата со специфични развојни потреби и ревитализација на селата.

П. МЕРКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО COVID-19 КРИЗАТА

Во рамките на оваа програма се опфатени мерките кои ги презема Владата на Република Северна Македонија за справување со последиците од здравствената пандемија.

Сите пакети на антикризни мерки за поддршка на економијата во својот фокус ги имаат граѓаните, нивните работни места, социјалната сигурност, солидарност, креирање амбиент за полесно надминување на економските последици од коронавирусот и спроведување на брза излезна стратегија кога кризата ќе заврши за да се продолжи со позитивните трендови на новата развојна македонска економија.

С. УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Оваа програма опфаќа реализација на проекти од областа на заштитата и унапредувањето на животната средина, одржливиот развој, унапредување на квалитетот на почвата, водата и воздухот, заштита на биолошката разновидност, валоризација и ревалоризација на природните вредности, заштита на озонската обвивка и слично. Преку оваа програма ќе се реализираат активности за пристап до чиста вода и воздух, чистење на диви депонии и намалување на емисиите на гасови, што непосредно ќе влијае на квалитетот на живеење, менталното здравје и спречувањето на природните катастрофи.

Со истата се опфатени мерки и активности за зелен развој и обезбедување на поддршка и создавање на услови за заштита од загадување и деградација.

Т. ИНВЕСТИЦИИ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

Во рамките на оваа програма се врши финансирање на значајни проекти во оваа дејност: изградба и реконструкција на основни и средни училишта, реконструкција на ученички и студентски домови и изградба на училишни спортски сали.

Целта на оваа програма е подобрување на соодветните просторни услови во училиштата, ученичките и студентските домови за реализација на воспитно – образовниот процес што е од клучно значење за подобрување на квалитетот на образованието, како и обезбедување на услови за одвивање на наставата по спорт и спортски активности во основните и средните училишта со цел зголемување на интересот за спорт кај младата популација во насока на посветување на поголемо влијание на здравјето на идните млади генерации.

БУЏЕТСКИ ПРОГРАМИ ЗА 2021 ГОДИНА

01001 ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВКУПЕН БУЏЕТ: 82.900 илјади денари

ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2021 ГОДИНА

